Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 23, став 4 од Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Македонија“ бр. 7/05, 103/08 и 124/10), Градоначалникот на општината Пробиштип донесе

# ПЛАН ЗА СОЗДАВАЊЕ СИСТЕМ НА ТЕХНИЧКИ И ОРГАНИЗАЦИСКИ МЕРКИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ТАЈНОСТ И ЗАШТИТА НА ОБРАБОТКАТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

## I. Цел на планот

Со овој План се предвидува создавање на соодветен систем за технички и организациски мерки што Општина Пробиштип во својство на контролор ги применува за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци.

## II. Нивоа на технички и организациски мерки

На сите документи во Општина Пробиштип задолжително се применуваат технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци класифицирани во две нивоа:

- основно ниво и
- средно ниво

## III. Документација за технички и организациски мерки

Системот за технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци во Општина Пробиштип се состои од следните механизми:

1. Донесување на Правилник за технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци;
2. Донесување на Правила за определување на обврските и одговорностите на овластените лица при користење на документите и информатичко комуникациската опрема;
3. Донесување на Правила за пријавување, реакција и санирање на инциденти;
4. Донесување на Правила за начинот на правење на сигурносна копија, архивирање и чување, како и за повторно враќање на зачуваните лични податоци;
5. Донесување на Правила за начинот на уништување на документите, како и за начинот на уништување, бришење и чистење на медиумите;
6. Донесување на Правилник за начинот на вршење видео надзор во службените простории на Општина Пробиштип.
7. Донесување на Упатсво за начинот на водење евиденција за лица овластени за вршење на обработка на личните податоци.

8. Донесување на Упатство за начинот на водење евиденција за лица овластени за вршење на обработка на личните податоци надвор од работните простории на општината Пробиштип.

Вработените и ангажираните лица во Општина Пробиштип се должни секој во рамките на своите работни задачи да ги почитуваат и применуваат овие интерни акти.

Општина Пробиштип овластува едно или повеќе лица за заштита на личните податоци во Општина Пробиштип, кое ќе се грижи за правилната примена на техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци.

Општина Пробиштип, со посебен акт, определува офицер за заштита на личните податоци, кој што е овластен од контролорот за самостојно вршење на работите во смисла на член 26 – а од Законот за заштита на личните податоци.

Офицерот за заштита на личните податоци во Општина Пробиштип, врши редовна проценка на потребата за изготвување и донесување на нови интерни акти или промена на старите, од аспект на нивно усогласување со прописите за заштита на личните податоци.

**IV. Периодични контроли**

Офицерот за заштита на личните податоци во Општина Пробиштип, најмалку еднаш месечно, ги вршат следните контроли и за тоа изготвува извештај:

- контрола на технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци,
- контрола на евиденција за секој авторизиран/неавторизиран пристап до информацискиот систем,
- контрола на доверливоста и сигурноста на лозинките и на останатите форми на идентификација,
- контрола на начинот за пристап на вработените и ангажираните лица во Општина Пробиштип до интернет, кои се однесуваат на симнување и снимање на документи, преземени од електронска пошта и други извори,
- контрола на уништување на документи, кои содржат лични податоци по истекување на рокот за чување, како и за начинот на уништување, бришење и чистење на медиумите,
- контрола на начинот на управување со медиуми кои се носители на лични податоци,
- контрола на писмените овластувања и работни задачи издадени од страна на градоначалникот на Општина Пробиштип за вршење на обработка на личните податоци и за пренесување на медиуми надвор од работните простории на Општина Пробиштип,

- контрола на начинот на воспоставување физичка сигурност на работните простории и опремата каде што се обработуваат и чуваат личните податоци,
- контрола на начинот на пристап до целиот информациски систем преку персоналните компјутери,
- контрола на начинот на правење на сигурносна копија, архивирање и чување, како и за повторно враќање на зачуваните лични податоци,
- контрола на евиденцијата за физички пристап до просторијата во која се сместени серверите,
- контрола на постапката за потпишување на изјави за тајност и заштита на обработката на личните податоци од страна на вработените и ангажираните лица во Општина Штип.

**V. Категории на лични податоци кои се обработуваат**

Контролорот Општина Пробиштип, при своето тековно работење, ги обработува следниве категории на лични податоци:

1. Одделение за правни и општи работи

   име и презиме
   број на лична карта
   матичен број
   адреса
   Контакт информации – електронски (пр. број на телефон или факс, е- mail адреса)
   број на трансакциска сметка
   социјален статус (корисник на социјална парична помош,невработен)

Од посебните категории на податоци (чувствителни податоци), контролорот согласно Законот за заштита на лични податоци во ова одделение ги обработува податоците кои што се однесуваат на здравствена состојба, припадност на заедницата .

Збирка на податоци
- Поднесени претставки и предлози
- Барање за прием кај Градоначалникот
- Доделување на парична помош од Градоначалникот и а Советот на општината
- Избрани членови на Советот

(Закон за локална самоуправа, Изборен законик, Закон за постапување по претставки и предлози)

2. Одделение за финансиски прашања

име и презиме
број на лична карта
матичен број
адреса
Контакт информации – електронски (пр. број на телефон или факс, е- mail адреса)
број на трансакциска сметка
имотен лист
социјална состојба
податоци до кој се доаѓа преку тековна состојба за правни лица

Од посебните категории на податоци (чувствителни податоци), контролорот согласно Законот за заштита на лични податоци во овој сектор ги обработува податоците кои што се однесуваат на здравствена состојба и синдикална припадност. (Закон за локална самоуправа, Закон за данок на имот, Закон за комунална такса, Закон за персонален данок, Закон за работни односи Закон за државни службеници)

Збирка на податоци
- Матична евиденција на даночни обврзници
- Евиденција за обврзници на Персонален данок
- Евиденција за пресметка на плати
- Доделување на парична помош од Градоначалникот и Советот на општината

3. Одделение за урбанизам, заштита на животната средина и ЛЕР

име и презиме
број на лична карта
матичен број
адреса
Контакт информации – електронски (пр. број на телефон или факс, е- mail адреса)
имотен лист

Збирка на податоци
- Евиденција на издадени одобренија за градба
- Евиденција за вклопување на бесправно изградени објекти
- Пресметка на надоместок за комунално уредување
- Издавање на куќен број и промена на адреса
-Издадени приклучоци на објекти до главна инфраструктура

- Издадени решенија за одобрување на елаборат за заштита на животната средина
- Издавање на дозволи за усогласување со оперативен план и „Б„ интегрирана еколошка дозвола

(Закон за локална самоуправа, Закон за градба, Закон за постапување со бесправно изградени објекти, Закон за комунални дејности, Закон за градежно земјиште)

4. Одделение за комунални работи, локални патишта и улици

име и презиме
број на лична карта
матичен број
адреса
Контакт информации – електронски (пр. број на телефон или факс, е- mail адреса)
имотен лист

Збирка на податоци
- Евиденција на издадени одобренија за градба
- Евиденција за вклопување на бесправно изградени објекти
- Пресметка на надоместок за комунално уредување
-Издадени приклучоци на објекти до главна инфраструктура

(Закон за локална самоуправа, Закон за градба, Закон за постапување со бесправно изградени објекти, Закон за комунални дејности, Закон за градежно земјиште)

5.Одделение за јавни дејности

име и презиме
број на лична карта
матичен број
адреса
Контакт информации – електронски (пр. број на телефон или факс, е- mail адреса)
број на трансакциска сметка

Збирка на податоци
- Пријави за учество на манифестации
- Евиденција на склучени договори од обласста на културата

(Закон за локална самоуправа,, Закон за култура, Закон за спорт, Закон за средно образование, Закон за основно образование)

6. Одделение за инспекциски работи

име и презиме

број на лична карта
матичен број
адреса
Контакт информации – електронски (пр. број на телефон или факс, е- mail адреса)

Збирка на податоци
- Поднесоци (пријава, барање, изјава)
- Донесени управни акти
- Издадени лиценци

(Закон за локална самоуправа, Закон за градба, Закон за постапување со бесправно изградени објекти,Закон за комунални дејности, Закон за данок на имот, Закон за комунална такса, Закон за јавни патишта, закон за патен сообраќај,Закон за јавна чистота, Закон за домување, Закон за инспекциски надзор, Закон за заштита на животната средина и природата)

7. Одделение за внатрешна ревизија
име и презиме
Контакт информации – електронски (пр. број на телефон или факс, е- mail адреса)

- Збирка на податоци
Извршена внатрешна ревизија
(Закон за внатрешна ревизија, Закон за локална самоуправа, Закон за јавна внатрешна финансиска контрола)

8.Одделение за управување со човечки ресурси
име и презиме
број на лична карта
матичен број
адреса
Контакт информации – електронски (пр. број на телефон или факс, е- mail адреса)
број на трансакциска сметка
број на здравствена легитимација

Од посебните категории на податоци (чувствителни податоци), контролорот согласно Законот за заштита на лични податоци во ова одделение ги обработува податоците коишто се однесуваат на здравствена состојба, припадност на заедниците, синдикална припадност.

- Збирка на податоци

-Евиденција на вработени
- Анкетни листови на вработените за имотната сосотојба
- Изјава на судир на интереси
-ДС обрасци
(Закон за локална самоуправа, Закон за работни односи Закон за државни службеници Закон за данок на имот , Закон за здравствена заштита)

9. Единица на ТППЕ
-име и презиме
-број на лична карта
-матичен број
-адреса
-Контакт информации – електронски (пр. број на телефон или факс, е- mail адреса)
-Збирка на податоци
Евиденција на корисници на услуги за противпожарни и други услуги(вода, водни пумпи, користење на скали за сечење дрва и сл.)
( Закон за пожарникарство, Закон за локална самоуправа)

**VI. Завршна одредба**

Овој План влегува во сила со денот на донесување а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Пробиштип“.

Општина Пробиштип
Градоначалник
Тони Тоневски